Републикa Македонија
Бр. 03 - 501
02.09. 2005 год
СКОПЈЕ

## *ИЗЈАВА ОД РАКОВОДСТВОТО*

на Сојузот на слепите на Република Македонија
во врска со имплементација на препораките наведени во
Претходниот извештај на Овластениот државен ревизор
за извршената ревизија на успешност на проектот Фаре-Брај

1. Во однос на ревизорскиот наод 1 и дадената Препорака 1 по истиот изјавуваме дека имаме намера да го спроведеме следното:
   Препораката во целост се прифаќа.

2. Во однос на ревизорскиот наод 2 и дадената Препорака 2 по истиот изјавуваме дека имаме намера да го спроведеме следното:
   Одлуката за проценка и новата пронајдена документација/фактурите ќе оди на преиспитување на извршен и надзорен одбор, со рок 30 Септември 2005 година, бидејки се најдени фактурите. Книговодствената вредност на опремата ќе се процени и воведе во книговодствената евиденција до 31 12.2005 година.
   За идни проекти, препораката целосно се прифаќа.

3. Во однос на ревизорскиот наод 3 и дадената Препорака 3 по истиот изјавуваме дека имаме намера да го спроведеме следното:
   Во иднина ќе се воспостават писмени процедури при достава на примероците до корисниците. Оние примероци кои фалат ќе се отпечатат и ќе се архивираат во рок до 31.12.2005 година. Ако препораката порано се имплементира, за тоа ќе бидете писмено известени.

4. Во однос на ревизорскиот наод 4 и дадената Препорака 4 по истиот изјавуваме дека имаме намера да го спроведеме следното:

   Ќе ги обезбедиме извештаите кои недостасуваат до 31.12.2005 година и ќе изготвиме пишани процедури и правилници.
   За идни проекти, препораката целосно се прифаќа.

5. Во однос на ревизорскиот наод 5 и дадената Препорака 5 по истиот изјавуваме дека имаме намера да го спроведеме следното:

   За идни проекти, препораката целосно се прифаќа и ќе се запазуваат целосно позитивните законски прописи.
   Копија од фактура за изнајмено возило за службено патување во Романија и копија од документ за подигнати 10.000 ДЕМ во готовина од ФСФ преведен на Македонски јазик ќе бидат доставени до Државниот Завод за Ревизија до 07.09.2005 година.

6. Во однос на ревизорскиот наод 6 и дадената Препорака 6 по истиот изјавуваме дека препораката во целост е спроведена. Сметката на проектот е затворена на ден 19.07.2005 година.

1

7. Во однос на ревизорскиот наод 7 и дадената Препорака 7 по истиот изјавуваме дека имаме намера да ја спроведеме препораката до 31.12.2005 година и документацијата ќе биде доставена на увид.
Препораката во целост се прифаќа.

8. Во однос на ревизорскиот наод 8 и дадената Препорака 8 по истиот изјавуваме дека имаме намера во иднина за идни проекти, препораката целосно ќе се спроведува.

9. Во однос на ревизорските наоди 9 и 10 и дадената Препорака 9 по истите даваме предлог податоците да се додадат во делот кај наодот бр 4, бидејќи препораките се однесуваат на делот на пишаните процедури. Намерата не е побивање на фактичката сосотојба.
Предлог: „Во образложението да стои дека лицето задолжено за водење на архивата и благајната.....„
Предлогот за преформулирање на наодите 9 и 10, во писмена форма ќе се достават до Државниот Завод за Ревизија до 07.09.2005 година.

10. Во однос на ревизорскиот наод 11 и дадената Препорака 10 по истиот изјавуваме дека имаме намера да го спроведеме следното:
Препораката за во идни проекти во целост се прифаќа.

Скопје, 02.09.2005 година

Надзорен одбор

Претседател
Владе Димитровски

Член на Надзорен одбор

Мирче Стојанчев

Сојузот на слепите на РМ

Претседател
Мирослав Добревски

Заменик Претседател

Васко Јовчевски

2